РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 04-1133/9
27.12.2023 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа (("Службен весник на Република Македонија" бр.02/2005), член 3 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020) и член 52 од Законот за admini-стративни службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022 г.), на ден **27.12.2023 г.** Градоначалникот на Општина Ранковце донесе

ОДЛУКА
за вршење избор за унапредување на административен службеник во општинската администрација во Општина Ранковце

1. Административниот службеник **Билјана Илиевска** се избира за унапредување на работното место **Раководител на Одделението за управување со човечки ресурси**, во група I – административни службеници, подгрупа 1 – државни службеници, категорија Б – раководен административен службеник, ниво Б4 и шифра на работното место УПР 0101 Б04 000 за работно место под реден број 031 во Табеларниот приказ од Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Ранковце .
2. Одлуката за вршење избор се објавува на интернет страницата на општина Ранковце.

Образложение

Градоначалникот на Општина Ранковце согласно своите законски овластувања врз основа наведените законски одредби во воведот на ова Решение , а согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Ранковце утврди потреба од унапредување на административен службеник на работното место Раководител на Одделението за управување со човечки ресурси заради поефективно извршување на работните цели и задачи на административниот службеник утврдени врз основа на актот за систематизација на работните места на институцијата, а во функција на остварување на надлежностите на институцијата, односно стратешкиот план и/или согласно со годишната програма за работа на институцијата и донесе Решение за поведување на постапка за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Ранковце 04 -1133 /1 од 17.11.2023 г. и испрати Барање до Агенцијата за администрација бр. 04 -1133 /5 од 22.11.2023 г. исто така донесе и Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување по Интерен оглас бр.01/2024 бр. 04 -1133 /6 од 11.12.2023 г.

Согласно наведените одредби општина Ранковце објави Интерен оглас бр.01/2023 на 01.12.2023 г. на веб страната на општина Ранковце и на веб страната на Агенцијата за администрација за работното место 031. Б04 Раководител на Одделението за управување со човечки ресурси – 1 извршител, на кој оглас се пријави еден кандидат кој беше уреден и ги исполнуваше условите од наведениот оглас, а што беше утврдено со Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 08-1133/7 од 26.12.2023 г.

На ден 27.12.2023 г. беше спроведено интервју со кандидатот за што е составен Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04 -1133 /8 од 27.12.2023 г. чиј составен дел е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати составена од Комисијата и истата даде предлог на градоначалникот на општина Ранковце да донесе одлука за избор на прворангираниот кандидат Билјана Илиевска со освоени 29,35 бодови.

Врз основа на спроведената постапка, градоначалникот на општина Ранковце на ден 27.12.2023 г. донесе одлука како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Ранковце до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници во рок од 8 дена од денот на приемот на истото.

27.12.2023 г.
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

Објавено на http://rankovce.gov.mk/